Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски бр. 10-332/2
Дата: 26-04-2023

До:
- [redacted]

Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, од Ваша страна, по електронски пат, доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено со наш архивски број 10-332/1 од 25.04.2023 година.

Во продолжение бараните информации, редоследно согласно Вашето барање:

1. По конкретниот случај од Вашто барање, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) донесе Мислење од 01.02.2023 година, со кое утврди повторено и повеќекратно вознемирување врз основа на етничка припадност, религија или верско уверување и друго уверување сторено од [redacted] кон [redacted] во областа на јавно информирање и медиуми, како и во областа на дејствување и работа на општински совет.

По утврденото вознемирување на дискриминаторката ѝ се препорача:

- да ги отстрани спорните содржини од својот кориснички профил на социјалната мрежа Facebook;
- да упати писмено извинување за стореното вознемирување до подносителката на претстаката – [redacted] и
- во иднина да се воздржи од изразување на содржини кои продуцираат вознемирување врз било која од дискриминаторските основи.

2. Во рокот за исполнување на препораката не пристигна информација дека истата е исполнета и од таа причина КСЗД, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци. Во тек е прибирање на потребните податоци за покренување на прекршочна постапка.

3. КСЗД досега утврди 4 случаи на дискриминација врз основа на религија или верско уверување.

Во сите случаи се работи за дискриминација/вознемирување врз две или повеќе основи, меѓу кои и споменатата основа.

Во продолжение се наведуваат податоци за случаите:

- Во февруари 2022 година КСЗД утврди вознемирување врз основа на етничка припадност и религија или верско уверување кон Бошњаците и Босна и Херцеговина сторено од страна на Министерството за образование и наука поради несоодветни содржини во учебници по историја по кои се учи во основно и средно гимназиско образование. КСЗД препорача во рок од 3 месеци Министерството за образование и наука преку Педагошката служба да ги отстрани несоодветните содржини во учебниците.
- Во март 2022 година КСЗД утврди повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација и вознемирување врз основа на етничка припадност и религија или верско уверување на социјалните мрежи врз припадниците на албанската етничка заедница и Македонците со муслиманска вероисповед. КСЗД препорача во рок од 30 дена дискриминаторот да ја отстрани вознемирувачката видео содржина и јавно да се извини во соодветни јавни гласила, а исто така и да се воздржи во иднина од објавување на вознемирувачки видео содржини кои поттикнуваат, повикуваат и инструираат дискриминација во јавниот дискрус.
- Во јули 2022 година КСЗД утврди директна дискриминација врз основа на етничка припадност и верско уверување, во областа на пристап до добра и услуги од комунална инфраструктура (пристап до вода) сторена од страна на Општина Радовиш и ЈП „Плаваја“ - Радовиш кон жителите на [redacted] во Општина Радовиш, припадници на турската етничка заедница со исламска вероисповед. КСЗД упати препорака за начини на отстранување на дискриминацијата која треба да биде извршена во рок од 6 месеци од денот на приемот на мислењето.

Како и случајот кој е предмет на ваше интересирање

- Во ноември 2022 година КСЗД утврди повторено и повеќекратно вознемирување кон подносителка на претставката врз основа на етничка припадност, религија или верско уверување и друго уверување во областа на јавно информирање и медиуми, како и во областа на дејствување и работа на општински совет. КСЗД препорача во рок од 30 дена дискриминаторот да ги отстрани спорните содржини и да упати писмено извинување до подносителката на претставката, а исто така и да се воздржи во иднина од изразување на содржини кои продуцираат вознемирување врз било која од дискриминаторските основи.

4. Постапувајќи по поднесени претставки и поведени постапки по службена должност КСЗД досега утврди 127 случаи на дискриминација. Дискриминацијата врз основа на религија или верско уверување е утврдена во 4 од нив. Најчесто утврдени основи за дискриминација се:

- Лично својство и општествен статус во 34 случаи;
- Сексуална ориентација во 33 случаи;
- Припадност на маргинализирана група во 32 случаи;
- Национална или етничка припадност во 30 случаи;
- Родов идентитет во 29 случаи;
- Пол во 24 случаи и
- Политичко уверување во 13 случаи.

Ви стоиме на располагање за секоја евентуална дополнителна информација.

Со почит,

Претседател на Комисија за спречување
и заштита од дискриминација
Исмаиљ Камбери


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk